Република Северна Македонија * Комисија за заштита на конкуренцијата * Скопје-Shkup *

ПП.бр. 09- 30/ 2

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата составена од Димитрија Вревезоски - претседател, Проф. д-р Владимир Наумовски и Насер Жарку - членови, постапувајќи во постапката поведена со заклучок бр.09-14/9 од 30.06.2017 по барање на Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје, со седиште ул. Народен фронт бр.5-3/1, Скопје преку полномошник Стевица Јосифовски адвокат од Скопје против Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз, ул.Антон Попов 1/1-3 Скопје застапувано од Борис Ношпал адвокат од Скопје, Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал промет и услуги Д-р.Пановски ул. Скупи 3 бр.55 Скопје застапувано од Ѓорѓи Поленак, адвокат од Скопје заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 14..07.2022 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз, ул.Антон Попов 1/1-3 Скопје ЕМБС 5389917 и единствен даночен број 4030000407942, и Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал промет и услуги Д-р.Пановски ул. Скупи 3 бр.55 Скопје со ЕМБС 4901983 и единствен даночен број 4030994193660, како претпријатија кои што вршат дејност трговија со лекови на територијата на Република Македонија, во периодот од мај 2016 година, кога се поднесени понудите во отворената постапка бр.35/2016 за јавната набавка на лекот со генеричко име Human insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање и на лекот со генеричко име Human Insulin (со средно дејство) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање на Министерството за здравство до ноември 2018 година, како период до кога траеле Договорите склучени со Министерство за здравство по отворената постапка бр.62/2016, **усогласено се однесувале**, на начин што во отворената постапка бр.35/2016 и бр.62/2016 за доделување на договор за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот август 2016 – август 2018 година за потребите на населението на Република Македонија,за лекот со генеричко име Human insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање и на лекот со генеричко име Human Insulin (со средно дејство) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање доставиле понуди со цени претходно одредени на начин кој им овозможувал да ја заменат состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата, и на електронските аукции понудените цени не ги намалиле со цел нарушување на конкуренцијата преку директно или индиректно фиксирање на продажните цени што претставува постоење на прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата заради што на сторителот Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 44.359.800,оо денари што претставува приближно XXX[1]% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2021 година како последна деловна година за која претпријатието има составено годишна сметка и на сторителот Акционерско Друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги „Д-р Пановски“ Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 65.230.700,оо денари што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2021 година како последна деловна година за која претпријатието има составено годишна сметка.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

2. Глобата од точка 1) од ова решение сторителите на прекршокот се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[2]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач - НБРМ. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат.

Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

До Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) на ден 16.02.2017 година од Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје, со седиште ул. Народен фронт бр.5-3/1 Скопје (во понатамошниот текст: Зегин ДОО) преку полномошник Стевица Јосифовски адвокат од Скопје поднесено е барање за поведување на прекршочна постапка против Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје (во понатамошниот текст: Фарма Трејд ДООЕЛ) и Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал промет и услуги Д-р.Пановски Скопје (во понатамошниот текст (АД Д-р Пановски) бидејќи истите како претпријатија кои што вршат дејност трговија со лекови на територијата на Република Македонија, при учество на јавни набавки на лекот со генеричко име Human insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање и на лекот со генеричко име Human Insulin (со средно дејство) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање кои ги вршело Министерството за задравство во отворена постапка бр.62/2016 за доделување на договор за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот август 2016 – август 2018 година за потребите на населението на РМ се однесувале на начин кој укажува на евентуално постоење на договор и/или усогласено однесување со што евентуално ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата, чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата преку директно или индиректно фиксирање на продажните цени што претставува евентуално постоење на прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот).

Со Заклучок бр. 09-14/2 од 22.02.2017 година КОП од АД Д-р Пановски побара доставување на податоци и тоа: податоци за учеството на јавни набавки на кои предмет на набавка е инсулин за 2014, 2015 и 2016 година и тоа податоци за: договорен орган кој ја вршел јавната набвака и број на јавна набавка, копија од понудата доставена по јавната набавка,копија од склучени договори по спроведени јавни набавки итрговското име и назив на производителот за секоја од генериките (за понуден инсулин) за која е доставена понуда, одделно за секоја јавна набавка.

Со Заклучок бр.09-14/3 од 22.02.2017 година КОП од Фарма Трејд ДООЕЛ побара доставување на податоци и тоа: податоци за учеството на јавни набавки на кои предмет на набавка е инсулин за 2014, 2015 и 2016 година и тоа податоци за: договорен орган кој ја вршел јавната набвака и број на јавна набавка, копија од понудата доставена по јавната набавка, копија од склучени договори по спроведени јавни набавки итрговското име и назив на производителот за секоја од генериките (за понуден инсулин) за која е доставена понуда, одделно за секоја јавна набавка.

---

[2] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Со допис бр..09-17/4 од 22.02.2017 КОП од Министерството за здравство побара доставување на определени податоци и документи и тоа: копија од огласите за јавна набавка на лекови бр.35/2016 и 62/2016 година објавени од Министерството за здравство, кпопии од понуди доставено од веледрогерии за Human insulin по огласите бр.35/2016 и 62/2016 година, извештај за извршена евалуација од огласите бр.35/2016 и 62/2016 година, копии од одлуки за избор на најповолен понудувач по огласите бр.35/2016 и 62/2016 година за Human insulin, копии од договори склучени со веледрогерии а кои се однесуваат на набавка на Human insulin по огласите бр.35/2016 и 62/2016 година и копии од електронска аукција за набавката на Human insulin по огласите бр.35/2016 и 62/2016 година.

Со допис бр.09-14/5 од 01.03.2017 година АД Д-р Пановски одговори на Заклучокот.

Со допис бр.09-14/6 од 02.03.2017 година Фарма Трејд ДООЕЛ одговори на Заклучокот.

Со допис бр.09-14/7 од 17.03.2017 година Министерството за здравство ги достави бараните податоци.

Со допис бр.09-14/8 од29.06.2017 година Зегин ДОО достави Дополнување на барањето за поведување на постапка со кое бара да се поведе постапка и против Друштво за трговија, производство и услуги Феникс Фарма ДООЕЛ Скопје, Ул. Јадранска Магистрала бр.31 Скопје (во понатамошниот текст: Феникс Фарма ДООЕЛ).

Со заклучок бр.09-14/9 од 30.06.2017 година КОП поведе прекршочна постапка против Фарма Трејд ДООЕЛ, АД Д-р.Пановски и Феникс Фарма ДООЕЛ и со истиот ги задолжи до КОП да ги достават следните податоци: Биланс на успех за 2016 година; Извод од Централен регистар на Република Македонија и податоци за жиро-сметка, единствен даночен број и банка-депонент на сметка.

Со допис бр.09-14/10 од 06.07.2017 година Фарма Трејд ДООЕЛ ги достави бараните податоци.

Со допис бр.09-14/11 од 07.07.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ ги достави бараните податоци

Со допис бр.09-14/12 од 10.07.2017 година АД Д-р.Пановски ги достави бараните податоци.

КОП на ден 20.07.2017 година донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-14/13 и истото беше доставено до учесниците во постапката.

Со допис бр.09-14/14 од 25.07.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ побара продолжување на рокот а произнесување по Прелиминарното ивестување.
КОП со допис бр 09-14/15 од 25.07.2017 година одговори на барањето на Феникс Фарма ДООЕЛ.

Со допис бр.09-14/16 од 03.08.2017 година АД Д-р Пановски достави изјаснување по Прелиминарното известување.

Со допис бр.09-14/17 од 03.08.2017 година Фарма Трејд ДООЕЛ достави изјаснување по Прелиминарното известување.

Со допис бр.09-14/18 од 07.08.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ побара продолжување на рокот за произнесување по Прелиминарното ивестување.

КОП со допис бр 09-14/19 од 08.08.2017 година одговори на барањето на Феникс Фарма ДООЕЛ.

Со допис бр.09-14/20 од 09.08.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ достави изјаснување по Прелиминарното известување. Истото известување Феникс Фарма ДООЕЛ го достави и по пошта (09-14/21 од 17.08.2017 година.

КОП на ден 22.08.2017 година донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-14/22 и истотот беше доставено до учесниците во постапката.

Со допис бр.09-14/23 од 23.08.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ побара увид во предметот.

Со допис бр.09-14/24 од 23.08.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ побара продолжување на рокот за произнесување по Конечното ивестување.

Со Заклучок бр. 09-14/25 од 24.08.2017 година КОП на Феникс Фарма ДООЕЛ му го одобри барањето за увид во списите од предметот.

Со допис бр.09-14/25 од 24.08.2017 година КОП одговори на барањето на Феникс Фарма ДООЕЛ за продолжување на рокот за произнесување.

Со допис бр.09-14/26 од 25.08.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ побара продолжување на рокот за произнесување по Конечното ивестување.

На ден 25.08.2017 година Фарма Трејд ДООЕЛ до КОП достави допис бр.09-14/27.

Со допис бр.09-14/28 од 25.08.2017 година Фарма Трејд ДООЕЛ побара увид во предметот.

Со допис бр.09-14/29 од 25.08.2017 година КОП одговори на барањето на Феникс Фарма ДООЕЛ за продолжување на рокот за произнесување.

Со допис бр. 09-14/30 од 29.08.2017 година КОП од АД Д-р Пановски побара доставување на недоверлива верзија од произнесувањето по Прелиминарното известување.

Со Заклучок бр. 09-14/31 од 29.08.2017 година КОП на Фарма Трејд ДООЕЛ му го одобри барањето за увид во списите од предметот.

Со допис бр.09-14/32 од 29.08.2017 година АД Д-р Пановски побара доставување на докази од предметот.

Со Заклучок бр. 09-14/33 од 30.08.2017 година КОП на АД Д-р Пановски му одобри увид во списите од предметот.

Со допис бр.09-14/34 од 30.08. 2017 година Фарма Трејд ДООЕЛ се произнесе по Конечното известување.

Со допис бр.09-14/35 од 06.09.2017 година АД Д-р Пановски се произнесе по Конечното известување.

Со допис бр.09-14/36 од 06.09.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ се произнесе по Конечното известување.

На ден 19.09.2017 година, КОП достави покана бр.09-14/37 до лицето Димитар Стојменовски, генерален директор на Друштво за трговија на големо и мало НОВО НОРДИСК ФАРМА ДООЕЛ увоз извоз, Скопје да даде изјава пред КОП во својство на сведок во постапката.

На ден 21.09.2017 година лицето Димитар Стојменовски, генерален директор на Друштво за трговија на големо и мало НОВО НОРДИСК ФАРМА ДООЕЛ увоз извоз, Скопје достави известување по електронска пошта до КОП (бр.09-14/38)

Со допис бр.09-14/39 од 22.09.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ достави дополна по Конечното известување.

Со допис бр.09-14/40 од 25.09.2017 година КОП достави писмени прашања до лицето Димитар Стојменовски, генерален директор на Друштво за трговија на големо и мало НОВО НОРДИСК ФАРМА ДООЕЛ увоз извоз, Скопје.

На ден 29.09.2017 година лицето Димитар Стојменовски, генерален директор на Друштво за трговија на големо и мало НОВО НОРДИСК ФАРМА ДООЕЛ увоз извоз, Скопје достави одговор на доставените прашања (бр.09-14/41)

Со допис бр.09-14/42 од 02.10.2017 година Феникс Фарма ДООЕЛ побара увид во предметот.

Со Заклучок бр. 09-14/43 од 03.10.2017 година КОП на Феникс Фарма ДООЕЛ му го одобри барањето за увид во списите од предметот.

Со допис 09-14/44 од 03.10.2017 година КОП до Зегин ДОО го достави на произнесување одговорот на лицето Димитар Стојменовски, генерален директор на Друштво за трговија на големо и мало НОВО НОРДИСК ФАРМА ДООЕЛ увоз извоз, Скопје.

На ден 12.10.2017 година Зегин ДОО до КОП достави допис бр.09-14/45 со кој ја извести КОП дека барањето за поведување на прекршочна постапка во делот на Феникс Фарма ДООЕЛ го повлекува.

На ден 17.10.2018 година КОП донесе Заклучок бр.09-14/46 со кој ја запре постапката поведена по барање на Зегин ДОО Скопје, против Феникс Фарма ДООЕЛ.

На ден 18.10.2017 година КОП донесе Решение бр.09-14/47 со кое утврди дека Фарма Трејд ДООЕЛ и АД Д-р.Пановски како претпријатија кои што вршат дејност трговија со лекови на територијата на Република Македонија, при учество на јавна набавка на лекот со генеричко име Human insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање и на лекот со генеричко име Human Insulin (со средно дејство) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање која ја вршело Министерството за задравство во отворените постапки бр.35/2016 и бр.62/2016 за доделување на договор за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот август 2016 – август 2018 година за потребите на населението на РМ, во периодот од мај 2016, кога се поднесени понудите по јавната набавка бр.35/2016, до денот на донесување на ова решение усогласено се однесувале, на начин што доставувале првични понуди и не ги намалувале првичните понуди на електронските аукции за наведените лекови со цени претходно одредени на начин кој им овозможувал да ја заменат состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата, чија цел е нарушување на конкуренцијата преку директно или индиректно фиксирање на продажните цени што претставува постоење на прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16) заради што на сторителот Фарма Трејд ДООЕЛ му се изрекува санкција - глоба во износ од 44.359.800,оо денари што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2016 година како последна деловна година за која претпријатието има составено годишна сметка и на сторителот АД Д-р Пановски му се изрекува санкција - глоба во износ од 65.230.700,оо денари што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2016 година како последна деловна година за која претпријатието има составено годишна сметка.

Со допис наш бр.09-14/48 од 03.11.2017 година Управниот суд до КОП достави тужба поднесена од Фарма Трејд ДООЕЛ.

Со допис наш бр. 09-14/49 од 06.11.2017 година Фарма Трејд ДООЕЛ ја извести КОП дека повела управен спор.

КОП со допис бр. 09-14/50 од 13.11.2017 година достави одговор на тужбата поднесена од Фарма Трејд ДООЕЛ.

Управниот суд на Република Македонија на ден 07.09.2018 година со пресуда УПРК бр.6/2017 и УПРК бр.7/2017 тужбите на Фарма Трејд ДООЕЛ и АД Д-р Пановски ги уважи, а решението на КОП, Решение бр.09-14/47 од 18.10.2017 година го поништи (Пресудата е заведена под наш бр.09-24/1 од 25.09.2018 година).

Со допис бр.09-24/2 од 30.10.2018 година КОП побара од Управниот суд да ги достави списите од предметот.

Со допис, наш бр. 09-24/3 од 13.11.2018 година Управниот суд ги достави до КОП списите од предметот. На ден 09-04.2019 година КОП донесе Решение бр.09-16/1 во повторена постапка со кое утврди дека Фарма Трејд ДООЕЛ АД Д-р.Пановски како претпријатија кои што вршат дејност трговија со лекови на територијата на Република (Северна) Македонија, во периодот од мај 2016 година, кога се поднесени понудите во отворената постапка бр.35/2016 за јавната набавка на лекот со генеричко име Human insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање и на лекот со генеричко име Human Insulin (со средно дејство) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање на Министерството за здравство до ноември 2018 година, како период до кога траеле Договорите склучени со Министерство за здравство по отворената постапка бр.62/2016, **усогласено се однесувале**, на начин што во отворената постапка бр.35/2016 и бр.62/2016 за доделување на договор за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот август 2016 – август 2018 година за потребите на населението на Република Македонија (Република Северна Македонија),за лекот со генеричко име Human insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање и на лекот со генеричко име Human Insulin (со средно дејство) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање доставиле понуди со цени претходно одредени на начин кој им овозможувал да ја заменат состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата, и на електронските аукции понудените цени не ги намалиле со цел нарушување на конкуренцијата преку директно или индиректно фиксирање на продажните цени што претставува постоење на прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) заради што на сторителот Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 44.359.800,оо денари што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2018 година како последна деловна година за која претпријатието има составено годишна сметка и на сторителот Акционерско Друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги „Д-р Пановски“ Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 65.230.700,оо денари што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2018 година како последна деловна година за која претпријатието има составено годишна сметка.

Со допис, наш бр.09-16/2 од 18.04.2019 гдина, Фарма Трејд ДООЕЛ ја извести КОП дека повела управен спор.

Со допис, неш бр.09-16/3 од 06.05.2019 година Управниот суд до КОП достави тужба поднесена од Фарма Трејд ДООЕЛ.

КОП со допис бр. 09-16/4 од 16.05.2019 година достави одговор на тужбата поднесена од Фарма Трејд ДООЕЛ.

Со допис, неш бр.09-16/5 од 05.06.2019 година Управниот суд до КОП достави тужба поднесена од АД Д-р Пановски.

КОП со допис бр. 09-16/6 од 17.06.2019 година достави одговор на тужбата поднесена од АД Д-р Пановски.

На ден 29.06.2021 (заведена под наш бр. 09-30/1) Управниот суд до КОП достави пресуда УПРК бр.1/2019 и УПРК бр.2/2019 од 03.06.20121.

Со допис ПП бр.09-20/2 од 08.07.2021 година КОП достави допис до Државниот правобранител на Република Северна Македонија заради негово понатамошно постапување согласно Законот за управните спорови.

На ден 27.07.2021 год, (наш бр. 09-30/3) до КОП Управниот суд достави жалба поднесена од Зегин ДОО.

На ден 24.08.2021 год, (наш бр. 09-34/1) до КОП Управниот суд достави одговор на жалба поднесена од ФАрма Терејд ДООЕЛ.

Со допис од 08.11.2021 година, наш бр.09-30/4 Државниот правобранител на Република Северна Македонија до КОП достави одговор на жалба доставен од АД Д-р Пановски.

На ден 30..06.2022 година, наш ПП бр.09-30/1 до КОП доставено е Решение на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.413/2021 од 19.05.2022 година со која пресуда Вишиот управен суд ја отфрла жалбата на КОП како недозволена.

**Постапувајќи по напатствијата на Управниот суд на Република Македонија КОП во повторната постапка врз основа на податоците прибавени во текот на постапката а од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, ја утврди следната фактичка состојба:**

Фарма Трејд ДООЕЛ и АД Д-р Пановски се претпријатија кои што вршат дејност трговија со лекови на територијата на Република Македонија.

КОП го утврди следното однесување на Фарма Трејд ДООЕЛ и АД Д-р Пановски при учество на јавни набавки на лекот со генеричко име Human insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање и на лекот со генеричко име Human Insulin (со средно дејство) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање кои ги вршело Министерството за здравство во 2016 и тоа:
- На 03.03.2016 година Министерството за здравство донело Одлука бр. 20-1946/1 за повеќегодишна јавна набавка на иснулин, ленти за гликемија инсулински пумпи, инсулински игли и глукагон за населението во Република Македонија за 2016-2018 година по што Министерството за здравство на 14.04.2016 година започнало отворената постапка бр.35/2016 за доделување на договор за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење на шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот август 2016 - август 2018 година за потребите на населението на РМ.

Отварањето на понудите е извршено на 11.04.2016 година. Набавката била деллива и истата завршила со електронска аукција на 06.06.2016 година.

На наведената јавна набавка бр.35/2016 година, за Дел 6, за лекот со генеричко име Human Insulin (со средно продолжено дејство конбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) Суспензија за инјектирање Наполнето инјекциско пенкало/патрон 3ml 100 IE/ml понуди доставиле АД Др - Пановски (понуда бр.0507-482/1 од 27.05.2016 година), Фрама Трејд ДООЕЛ (понуда бр. 05-9/31 од 30.05.2016 година) и Феникс Фарма ДООЕЛ (понуда бр.0507-523 од 27.05.2016 година) како што следи:

| Понудувач | Единечна цена /денари без ддв | Количина барана со набавката | Понудена цена/ денари без ддв | Конечна цена/денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Феникс Фарма ДООЕЛ | 236,80 | 1.008.000 | 238.694.400,00 | 150.030.644,00 |
| АД Др. Пановски | 215,71 | 1.008.000 | 217.435.680,00 | 147.856.288,00 |
| Фарма Трејд ДООЕЛ | 215,714 | 1.008.000 | 217.439.712,00 | 217.439.712,00 |

Имено, АД Др- Пановски доставил првична понуда од 217.435.680,00 денари додека Фрама Трејд ДООЕЛ доставила првична понуда од 217.439.712,00 денари.
На електронската аукција Фрама Трејд ДООЕЛ не ја намалило првично понудената цена, додека АД Др - Пановски ја намалил првичната понуда на 147.856.288,00 денари. Оттука, при спорведување на електронската аукцијата цената е намалена за 32%.

На наведената јавна набавка бр.35/2016 година за Дел 10, за лекот со генеричко име Human insulin (со средно дејство) Суспензија за инјектирање Наполнето инјекциско пенкало/патрон 3ml 100 IE/ml понуди доставиле АД Др- Пановски (понуда бр.0507-482/1 од 27.05.2016 година), Фрама Трејд ДООЕЛ (понуда бр. 05-9/31 од 30.05.2016 година) и Феникс Фарма ДООЕЛ (понуда бр.0507-523 од 27.05.2016 година)како што следи:

| Понудувач | Единечна цена /денари без ддв | Количина барана со набавката | Понудена цена/ денари без ддв | Конечна цена/денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Феникс Фарма ДООЕЛ | 210.966 | 708.000 | 149.363.928,00 | 104.554.758,00 |
| АД Др. Пановски | 244,50 | 708.000 | 173.106.000,00 | 173.106.000,00 |
| Фарма Трејд ДООЕЛ | 231,61 | 708.000 | 163.979.880,00 | 103.061.119,00 |

Имено, АД Др- Пановски доставил првична понуда од 173.106.000,00 денари, додека Фрама Трејд ДООЕЛ доставила првична понуда од 163.979.880,00 денари. На електронската аукција АД Др – Пановски не ја намалува првично понудената цена, додека Фрама Трејд ДООЕЛ ја намалила првичната понуда на 103.061.119,00 денари. Оттука, при спроведување на електронската аукција цената е намалена за 37%.

На ден 09.06.2016 година Министерството за здравство донело Одлука бр. 20-1946/26 за избор на најповолен понудувач.

За Дел 6- Human Insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) го избрало понудувачот АД Д-р Пановски. Вкупната цена на договорот за овој дел по спроведената електронска аукција изнесува 147.856.288,00 денари.

За Дел 10- Human Insulin (со средно дејство), Министерството за здравство го избрало понудувачот Фарма Трејд ДООЕЛ. Вкупната цена на договорот за овој дел по спроведување на електронската аукција изнесува 103.061.119,00 денари.

За истата отворена постапка, договорниот орган Министерство за здравство, на ден 25.07.2016 година донело нова Одлука бр. 20-1946/31, со која одлука за деловите 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 9, 11, 12, 13 и 1, не се врши избор и постапката се поништува за овие делови. Ова значи дека изборот на Фарма Трејд ДООЕЛ за Дел 10 од тендерот и АД Д-р Пановски за Дел 6 од тендерот, останува непроменета.

На ден 30.08.2016 година, Министерството за здравство донело трета по ред Одлука бр. 20-1946/33 за предметната јавна набавка со која одлука постапката бр. 35/2016 за доделување на договор за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за период август 2016-август 2018 година за потребите на населението на РМ, се поништува. Истото е направено согласно член 220 став 1 алинеја 7 од Законот за јавните набавки, односно Државната Комисија за жалби по јавни набавки одлучила да ја поништи целата постапка за доделување на договор за јавна набавка.

- На 01.09.2016 година, Министерството за здравство објавува нов оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. 62/2016 за набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за период август 2016 - август 2018 година за потребите на населението на РМ.
Отварањето на понудите е извршено на 17.10.2016 година.
Набавката била деллива и истата завршила со електронска аукција на 25.10.2016 година.

На наведената јавна набавка бр.62/2016 година за Дел 6, за лекот со генеричко име Human Insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) Суспензија за инјектирање Наполнето инјекциско пенкало/патрон 3ml 100 IE/ml понуди доставиле АД Др - Пановски (понуда бр.0507-914/1 од 13.10.2016 година), Фрама Трејд ДООЕЛ (понуда бр. 05-9/55 од 17.10.2016 година) и Феникс Фарма ДООЕЛ (понуда бр.0507-1006 од 17.10.2016 година) како што следи:

| Понудувач | Единечна цена /денари без ддв | Количина барана со набавката | Понудена цена/ денари без ддв | Конечна цена/денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Феникс Фарма ДООЕЛ | 236,80 | 1.008.000 | 238.694.400,00 | 238.694.400,00 |
| АД Др. Пановски | 215,71 | 1.008.000 | 217.435.680,00 | 217.435.680,00 |
| Фарма Трејд ДООЕЛ | 215,714 | 1.008.000 | 217.439.712,00 | 217.439.712,00 |

Имено, АД Др- Пановски доставил првична понуда од 217.435.680,00 денари, додека Фрама Трејд ДООЕЛ доставила првична понуда од 217.439.712,00 денари. На електронската аукција АД Др- Пановски и Фрама Трејд ДООЕЛ не ја намалиле првично понудената цена.
Понудата која ја доствил Феникс Фарма ДООЕЛ изнесувала 238.694.400,00 денари.

На наведената јавна набавка бр.62/2016 година за Дел 10, за лекот со генеричко име Human insulin (со средно дејство) Суспензија за инјектирање Наполнето инјекциско пенкало/патрон 3ml 100 IE/ml понуди доставиле АД Др- Пановски (понуда бр.0507-914/1 од 13.10.2016 година), Фрама

Трејд ДООЕЛ (понуда бр. 05-9/55 од 17.10.2016 година) и Феникс Фарма ДООЕЛ (понуда бр.0507-1006 од 17.10.2016 година) како што следи:

| Понудувач | Единечна цена /денари без ддв | Количина барана со набавката | Понудена цена/ денари без ддв | Конечна цена/денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Феникс Фарма ДООЕЛ | 210.96 | 708.000 | 149.359.680,00 | 149.359.680,00 |
| АД Др. Пановски | 244,50 | 708.000 | 173.106.000,00 | 173.106.000,00 |
| Фарма Трејд ДООЕЛ | 231,61 | 708.000 | 163.979.880,00 | 147.866,084,00 |

АД Др - Пановски доставил првична понуда од 173.106.000,00 денари, додека Фрама Трејд ДООЕЛ доставила првична понуда од 163.979.880,00 денари. На електронската аукција АД Др - Пановски не ја намалил првично понудената цена, додека Фрама Трејд ДООЕЛ ја намалила првично понудената цена на 147.866.084,00 денари. Оттука, при спроведување на електронската аукција цената е намалена за 10%.
Понудата која ја доствил Феникс Фарма ДООЕЛ изнесувала 149.359.680,00 денари.

На ден 27.10.2016 година, Министерството за здравство донело Одлука бр. 20-6985/25, со која одлука се врши избор на најповолни понудувачи за сите делови од јавната набавка.

За делот 6- Human Insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство), повторно е избран понудувачот АД Д-р Пановски и со истиот е склучен договор бр.0507-914/3 од 08.11.2016 година.

За Дел 10- Human Insulin (со средно дејство), повторно е избран понудувачот Фрама Трејд ДООЕЛ и со истиот е склучен договор бр.03-11/116 од 07.11.2016 година.

Од анализата на двете јавни набавки и тоа јавна набавка бр.35/2016 година и јавна набавка бр.62/2016 година, КОП го утврди следното однесување.

На јавна набавка бр.62/2016 година понудата на понудувачите АД Др- Пановски и Фрама Трејд ДООЕЛ за Делот 6 е идентична со понудата доставена на набавката бр.35/2016.
Имено, првичната понуда на АД Д-р Пановски е идентична како таа за набавка бр.35/2016 и изнесува 217.435.680,00 денари. По спроведената електронска аукција, понудата на АД Д-р Пановски останува 217.435.680,00 денари. За споредба на поништената јавна набавка бр.35/2016 која се спровела во месец јуни (пред само 4 месеци) за истиот производ на спроведената електронска аукција цената била намелена за 32%.

Исто така и првичната понуда на Фрама Трејд ДООЕЛ е идентична како таа за набавката бр.35/2016 и изнесува 217.439.712,00 денари. По спроведената електронска аукција понудата останува 217.439.712,00 денари.

Со оглед на тоа што понудата на Феникс од самиот старт била највисока и изнесувала 238.694.400,00 денари, двете преостанати фирми АД Д-р Пановски и Фарма Трејд ДООЕЛ „не извршиле понатамошно намалување на цената. Па така за делот 6- Human Insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство), повторно како и кај поништената јавна набавка како најповолен понудувач е избран АД Д-р Пановски.

На јавна набавка бр.62/2016 година понудата на понудувачите АД Др- Пановски и Фрама Трејд ДООЕЛ за Делот 10 исто така е идентична со понудата доставена на набавката бр.35/2016.

Имено, првичната понуда на АД Д-р Пановски е идентична како таа за набавка бр.35/2016 и изнесувала 173.106.000,00 денари. По спроведената електронска аукција, понудата на АД Д-р Пановски останува 173.106.000,00 денари.

Исто така и првичната понуда на Фрама Трејд ДООЕЛ е идентична како таа за набавката 35/2016 година и изнесувала 163.979.880,00 денари. По спроведената електронска аукција, конечната понудена цена од Фрама Трејд ДООЕЛ била 147.866.084,00 денари, односно имало намалување од 10%. За споредба на поништената јавна набавка бр.35/2016 која се спровела во месец јуни (пред само 4 месеци) за истиот производ на спроведената електронска аукција цената била намелена за 37%.

И тука како понудувачи се јавуваат трите фирми. Разликата со Дел 6 е што во Делот 10 понудата која ја доствил Феникс Фарма ДООЕЛ изнесувала 149.359.680,00 денари, односно од почеток била пониска од таа на АД Д-р Пановски и Фарма Трејд ДООЕЛ. Оттука, било неопходно на електронската аукција Фарма Трејд ДООЕЛ да ја намали првично понудената цена под цената на Феникс Фарма ДООЕЛ со цел најповолна да е понудата на Фарма Трејд ДООЕЛ. Па така за делот 10- Human Insulin (со средно дејство), <u>повторно како и кај поништената јавна набавка како најповолен понудувач е избрана Фрама Трејд ДООЕЛ.</u>

Од горните докази недвосмислено произлегува дека за Делот 6 цените не ги намалувал Фарма Трејд ДООЕЛ, додека за Делот 10 цените не ги намалувал АД Др-Пановски а се со цел набавката по овие два дела да биде поделена помеѓу овие двајца учесници, што неспорно укажува на фактот дека ваквото однесување на АД Др- Пановски и Фрама Трејд ДООЕЛ претставува усогласено однесување забрането со член 7 став (1) од Законот.

Како резултат на горенаведеното усогласено однесување произлегува дека вкупната штета што е нанесена на Буџетот на РМ, со усогласеното однесување на АД Др- Пановски и Фрама Трејд ДООЕЛ за набавка на двата дела (6 и 10) од јавната набавка 62/2016 спроведена од страна на Министерство за здравство изнесува 114.384.357,00 денари или приближно 1.860.000,00 евра. Ова од причини што вкупната вредност на набавката за двата дела за набавката бр.35/2016 (јуни месец 2016) изнесувала 250.917.407,00 денари, додека пак постигнатата цена за двата дела при спроведување на јавната набавка бр.62/2016 (во октомври месец 2016 година) изнесувала 365.301.764,00 денари.

<u>Член 7 став1 од Законот за заштита на конкуренцијата</u>

Согласно член 7 став (1) од Законот забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласно однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување или го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите.

Член 5 алинеја 11) од Законот ја дава следната дефиниција – -"картели" се договори и одлуки и/или усогласено однесување помеѓу две или повеќе претпријатија чија цел е координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот и/или влијаење на релевантните параметри на конкуренцијата, особено преку фиксирање на куповни или продажни цени или други услови на тргување, ограничување на производство или воспоставување продажни квоти, поделба на пазари, договарање при учество на тендери, ограничување на увоз или извоз и/или анти-конкурентско однесување насочено спрема други претпријатија-конкуренти на учесниците во картелот;

Член 5 алинеја 12) од Законот ја дава следната дефиниција "усогласено однесување претставува "координирање на однесувањето помеѓу две или повеќе претпријатија како резултат на што, и без склучување на договор, доаѓа до намерно заменување на состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата. До усогласено однесување може да дојде како резултат на директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија што цел или последица е да се влијае на однесувањето на релевантниот пазар или да им се најави идното пазарно однесување на конкурентите"

Во член 7 од Законот во Македонското законодавство се транспонира забраната од членот 101 став (1) од Договорот за функционирање на Европската Унија (поранешен член 81 став (1) од Договорот за Европската Заедница) која воедно е предвидена и во членот 69 став (1) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација потпишана помеѓу Република Македонија од една страна и Европските Заедници и нивните земји членки од друга.

КОП при анализа на однесувањето на предметните претпријатија се водеше од стандардите за примена на конкурентското право, а кои стандарди произлегуваат пред се од праксата на Европскиот суд на правдата и Европската комисија. Во конкретната постапка КОП ја има во предвид и одлуката на Европскиот суд на правдата во случајот *ICI*[3] каде што Европскиот суд на правдата ја потврди одлуката на Европската комисија која врз основа на индиректни докази утврди постоење на забрането усогласено однесување. Во својата одлука Европскиот суд на правдата утврди дека и покрај тоа што паралелното однесување само по себе не претставува усогласено однесување "тоа може да претставува силен доказ за постоење на вакво однесување доколку води до услови на конкуренција кои не кореспондираат со нормалните услови на пазарот со оглед на природата на производите, големината, бројот на претпријатијата и обемот на релевантниот пазар."[4]

Дополнително, Европскиот суд на правдата го потврди постоењето на усогласено однесување бидејќи тој утврди дека "Тешко може да се замисли дека истата активност може да се преземе паралелно во исто време, на истиот национален пазар и за истата палета на производи"[5] како резултат на независно одлучување.

Европскиот суд на правдата ја појасни својата пракса во однос на случаите на усогласено однесување и во случајот *Ahlström Osakeyhtiö e.a. (Woodpulp II)*[6]. Имено, во овој случај Европскиот суд на правдата утврди дека членот 81 од Договорот за основање на Европската заедница (сега член 101 од Договорот за функционирање на Европската унија), ќе се примени во конкретниот случај доколку се утврди дека паралелното однесување наведено од Европската комисија, не може, со оглед на природа на производите, бројот и големината на претпријатијата и обемот на предметниот пазар да се објасни на друг начин освен преку постоење на усогласено однесување.[7]

Оттука, однесување на АД Др- Пановски и Фрама Трејд ДООЕЛ неспорно претставува усогласено однесување забрането со член 7 став (1) од Законот, а не паралелно однесување.

Врз основа на горенаведеното КОП утврди дека Друштво за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз, ул.Антон Попов 1/1-3 Скопје и Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал промет и услуги Д-р.Пановски ул. Скупи 3 бр.55 Скопје како претпријатија кои што вршат дејност трговија со лекови на територијата на Република Македонија, во периодот од мај 2016 година, кога се поднесени понудите во отворената постапка бр.35/2016 за јавната набавка на лекот со генеричко име Human insulin (со средно продолжено

---

[3] Case 48/69 *ICI v Commission* [1972] ECR 619

[4] Ibid , para 66

[5] Ibid, para 109

[6] Joined Cases C-89/85, C-104/85, C-114/85, C-116/85, C-117/85 and C-125/85 to C-129/85 A. Ahlström Osakeyhtiö e.a. (Woodpulp II) [1993] ECR I-1307

[7] Ibid para 61-72

дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање и на лекот со генеричко име Human Insulin (со средно дејство) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање на Министерството за здравство до ноември 2018 година, како период до кога траеле Договорите склучени со Министерство за здравство по отворената постапка бр.62/2016, усогласено се однесувале, на начин што во отворената постапка бр.35/2016 и бр.62/2016 за доделување на договор за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот август 2016 – август 2018 година за потребите на населението на Република Македонија,за лекот со генеричко име Human insulin (со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање и на лекот со генеричко име Human Insulin (со средно дејство) во фармацевтска форма суспензија за инјектирање, доставиле понуди со цени претходно одредени на начин кој им овозможувал да ја заменат состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата, и на електронските аукции понудените цени не ги намалиле со цел нарушување на конкуренцијата преку директно или индиректно фиксирање на продажните цени што претставува постоење на прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 59 став (1) точка 1) од Законот, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кое се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од Законот.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 став (1) од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

Согласно член 64 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно член 64 став (3) од Законот основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

Дополнително при одмерувањето на висината на глобата КОП се раководи и од Насоките за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно Законот за заштита на конкуренцијата. Согласно наведените насоки основниот износ на глобата претставува пропорција од вредноста на продажбите, во зависност од степенот на тежината на прекршокот, помножен со бројот на години за кои траел прекршокот. Степенот на тежината на прекршокот се определува за секој случај посебно, земајќи ги во предвид сите релевантни околности за тој случај. Договорите за хоризонтално фиксирање на цените, поделба на пазарот и ограничување на производството, кои вообичаено се тајни, претставуваат по природа едни од најштетните ограничувања на конкуренцијата. Начелно, за нив треба да биде определена глоба во висок износ. Затоа, пропорцијата од вредноста на продажбите која се зема во предвид за такви прекршоци во принцип ќе биде утврдена на највисокото ниво.

Во конкретниот случај, КОП при утврдувањето на износот на глобата зема во предвид дека наведеното усогласно однесување помеѓу Фарма Трејд ДООЕЛ и АД Д-р Пановски претставува хоризонтално фиксирање на продажни цени кое согласно член 7 од Законот е забрането, Ваквото забрането однесување по природа претставува едно од најтешките ограничувања на конкуренцијата

и како такво согласно член 59 став (1) точка 1) од Законот, се квалификува како тешка повреда на одредбите на Законот. КОП при определувањето на глобата го имаше во предид и износот на вкупната штета што е нанесена на Буџетот на РМ, а која за сторителите на прекршокот изнесува неосновано збогатување кое настанало како последица од прекршокот.

При определување на износот на глобата на **АД Др - Пановски** КОП тргнува од вкупната вредност на набавката на лекот за Делот 6 од јавната набавка бр.62/2016 за која АД Др - Пановски е избран за најповолен понудувач, односно од вредноста на понудата за лекот со генеричко име Human Insulin (со средно продолжено дејство конбиниран со хуман инсулин со кратко дејство) (70/30 или 75/25) Суспензија за инјектирање Наполнето инјекциско пенкало/патрон 3ml 100 IE/ml. Вредноста на понудата на АД Др- Пановски за наведениот лек изнесува 217.435.680,оо денари. Усогласеното однесување во кое учествувал и АД Др- Пановски се состои од хоризонтално фиксирање на продажни цени, ваквото забрането однесување претставува по природа едно од најштетните ограничувања на конкуренцијата и за него, КОП определува глоба во висок износ, при што во предметната постапка КОП ја утврдува пропорцијата од вредноста на продажбите која се зема во предвид на највисокото ниво од 30% од вреноста на продажбите.

Врз основа на ваквата фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата кој треба да се изрече на АД Др- Пановски за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 1) од Законот изнесува 65.230.700,оо денари.

Согласно билансот на успех во 2021 година АД Др - Пановски остварил вкупни приходи во износ од XXX денари.

Утврдената глоба од 65.230.700,оо денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на АД Др.Пановски остварен во 2021 година, како последна деловната година за која АД Др.Пановски има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата на Фарма Трејд ДООЕЛ тргнува од вкупната вредност на набавката на лекот за Делот 10 од јавната набавка бр.62/2016 за која Фарма Трејд ДООЕЛ е избран за најповолен понудувач, односно од вредноста на понудата за лекот со генеричко име Human insulin (со средно дејство) Суспензија за инјектирање Наполнето инјекциско пенкало/патрон 3ml 100 IE/ml. Вредноста на понудата на Фарма Трејд ДООЕЛ за наведениот лек изнесува 147.866,084,оо денари. Усогласеното однесување во кое учествувала Фарма Трејд ДООЕЛ се состои од хоризонтално фиксирање на продажни цени, ваквото забрането однесување претставува по природа едно од најштетните ограничувања на конкуренцијата и за него, КОП определува глоба во висок износ, при што во предметната постапка КОП ја утврдува пропорцијата од вредноста на продажбите која се зема во предвид на највисокото ниво од 30% од вреноста на продажбите.

Врз основа на ваквата фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата кој треба да се изрече на Фарма Трејд ДООЕЛ за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 1) од Законот изнесува 44.359.800,оо денари.

Согласно билансот на успех во 2021 година Фарма Трејд ДООЕЛ остварила вкупни приходи во износ од XXX денари .

Утврдената глоба од 44.359.800,оо денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Фарма Трејд ДООЕЛ остварен во 2021 година, како последна деловната година за која Фарма Трејд ДООЕЛ има составена годишна сметка.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**Димитрија Вревезоски**